# ОПЛАТИН МИКС

*Средство за подмачкување на опрема за производство, транспорт и вградување на бетон и цементен малтер*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Оплатин Микс е наменет за премачкување на опремата за изработка, транспорт и вградување на бетон или малтер, која е во директен контакт со свежата бетонска/ малтерска мешавина, со цел истата полесно да се исчисти по употребата. Производот го намалува лепењето на цементните мешавини врз металната површината на опремата. Кај долгите процеси на континуирано производство на бетон, овој производ овозможува подолг период на производство помеѓу две чистења на опремата, а со тоа и помалку прекини во процесот.

## СВОЈСТВА

- Го олеснува чистењето на површините, кои се директен контакт со бетон или малтер;
- Го намалува лепењето на бетонот врз металната површина од опремата;
- Го зголемува бројот на циклуси за производство на бетон помеѓу две чистења на опремата;
- Го продолжува работен век на опремата за производство на бетон и малтер;
- Ја намалува енергијата и ресурсите потребни за одржување и употреба на опремата;
- Не е корозивен за металните делови на мешалката;
- Лесно и едноставно се нанесува со распрскување;
- Може да се нанесува на влажни површини;
- Мала потрошувачка
- Нетоксичен, без растоврувачи.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | жолта течност |
| Густина | - | 0,82-0,88g/cm³ |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**
Оплатин Микс се нанесува на чиста метална површина без остатоци од бетон или малтер.
**ВГРАДУВАЊЕ**
Нанесувањето се врши со распрскување, со четка или ваљак, пред да се започне со работа, со цел опремата полесно да се исчисти по употребата. Кај долгите процеси на континуирано производство на бетон, кога е потребно опремата да се исчисти во текот на работата, Оплатин Микс може да се нанесува на влажни површини. Температурата при нанесување треба да биде од 0 до 40˚C.

## ПОТРОШУВАЧКА

0,02-0,03kg/m²
30-50m²/kg

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПАКУВАЊЕ

пластични канти од 4kg, 18kg , 180kg, 900kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, на температура од 5°C до 35°C, заштитен од директно сонце.
Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Оплатин Микс не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Оплатин Микс е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Оплатин Микс се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk